Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1585 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1585 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/1585 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5

Рестриктивните мерки против Бурунди се продолжуваат до 31 октомври 2021 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-5700/1
**1 јуни 2021 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1585

## of 29 October 2020

## amending Decision (CFSP) 2015/1763 concerning restrictive measures in view of the situation in Burundi

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 1 October 2015, the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1763 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Burundi.

(2) On the basis of a review of Decision (CFSP) 2015/1763, the restrictive measures should be renewed until 31 October 2021 and the information concerning two natural persons should be amended.

(3) Decision (CFSP) 2015/1763 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision (CFSP) 2015/1763 is amended as follows:

(1) the second paragraph of Article 6 is replaced by the following:

'This Decision shall apply until 31 October 2021.';

(2) the Annex is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 29 October 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

(1) Council Decision (CFSP) 2015/1763 of 1 October 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Burundi (OJ L 257, 2.10.2015, p. 37).

*ANNEX*

In the Annex to Decision (CFSP) 2015/1763, entries 1 and 2 under the heading 'List of natural and legal persons, entities and bodies referred to in Articles 1 and 2' are replaced by the following:

| | Name | Identifying information | Grounds for designation |
|---|---|---|---|
| '1. | Godefroid BIZIMANA | Gender: Male<br>DOB: 23.4.1968<br>POB: Nyagaseke, Mabayi, Cibitoke<br>Burundian nationality.<br>Passport number: DP0001520 | "Chargé de missions de la Présidence" and former Deputy Director-General of the National Police. On 31 December 2019, Mr Bizimana was promoted to the rank of Chief Police Commissioner. Responsible for undermining democracy by making operational decisions that have led to a disproportionate use of force and acts of violent repression towards peaceful demonstrations that started on 26 April 2015 following the announcement of the presidential candidacy of President Nkurunziza. |
| 2. | Gervais NDIRAKOBUCA alias NDAKUGARIKA | Gender: Male<br>DOB: 1.8.1970<br>Burundian nationality.<br>Passport number: DP0000761 | Minister of the Interior, Community Development and Public Security as of June 2020. Former head of Cabinet of the Presidential Administration (Présidence) responsible for matters relating to the National Police between May 2013 and November 2019, and former Director-General of the National Intelligence Service between November 2019 and June 2020. Responsible for obstructing the search for a political solution in Burundi by issuing instructions that led to a disproportionate use of force, acts of violence, acts of repression and violations of international human rights law against protestors demonstrating from 26 April 2015 onwards, following the announcement of the presidential candidacy of President Nkurunziza, including on 26, 27 and 28 April 2015 in the Nyakabiga and Musaga districts of Bujumbura.' |

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1585 НА СОВЕТОТ**

**од 29 октомври 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 1 октомври 2015 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2015/1763([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди.

(2) Врз основа на прегледот на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763, рестриктивните мерки треба да се продолжат до 31 октомври 2021 година и информациите што се однесуваат на две физички лица треба да се изменат.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 се изменува како што следува:

(1) вториот став од член 6 се заменува како што следува:

„Оваа одлука се применува до 31 октомври 2021 година.“;

(2) Анексот се изменува како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 29 октомври 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. Рот

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2015/1763 на Советот од 1 октомври 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди (Сл. весник L 257, 2.10.2015 година, стр. 37).

АНЕКС

Во Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1763, внесовите1 и 2 во поднасловот „Список на физички и на правни лица, субјекти и тела наведени во членовите 1 и 2“ се заменуваат како што следува:

| | Име | Информации за идентификација | Причини за назначување |
|---|---|---|---|
| „1. | Godefroid BIZIMANA | Пол: машки<br>Датум на раѓање: 23.4.1968 год.<br>Место на раѓање: Nyagaseke, Mabayi, Cibitoke<br>Бурундиска националност.<br>Број на пасош: DP0001520 | “Chargé de missions de la Présidence” и поранешен заменик генерален директор на Националната полиција.. На 31 декември 2019 година, г. Бизимана (Bizimana) бил унапреден во ранг на главен началник на полицијата. Одговорен за нарушување на демократијата преку донесување на оперативни одлуки кои довеле до употреба на прекумерна сила и жестоки репресии против мирните демонстрации кои започнале на 26 април 2015 година, по објавувањето на претседателската кандидатура на претседателот Nkurunziza. |
| 2. | Gervais NDIRAKOBUCA alias NDAKUGARIKA | Пол: машки<br>Датум на раѓање: 1.8.1970 год.<br>Бурундиска националност.<br>Број на пасош: DP0000761 | Министер за внатрешни работи, развој на заедницата и јавна безбедност од јуни 2020 година. Поранешен шеф на Кабинетот на претседателската администрација (Présidence), одговорен за прашања поврзани со Националната полиција во периодот помеѓу мај 2013 година и ноември 2019 година, и поранешен генерален директор на Националната разузнавачка служба во периодот помеѓу ноември 2019 година и јуни 2020 година. Одговорен за попречување на барањето за политичко решение во Бурунди преку давање насоки кои довеле до прекумерна употреба на сила, дејствија на насилство, дејствија на репресии и прекршувања на меѓународното право во обласа на човековите права против демонстрантите од 26 април 2015 година натаму, по објавувањето на кандидатурата на претседателот Нкурунзиза (Nkurunziza), вклучително на 26, 27 и 28 април во областите Nyakabiga и Musaga во Bujumbura.“ |